МВР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДСКА УПРАВА ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - СКОПЈЕ
Сектор за управни работи
Бр. 10-942671
25.11. 199 4 година
Скопје

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за општествените организации и здруженија на граѓани (Сл.весник на СРМ бр.13/90 год.), а согласно член 202 од Законот за општа управна постапка (сл.лист на СФРЈ бр.47/86 год.), МВР на РМ - Управа за внатрешни работи - Скопје, Сектор за управни работи го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАПИШУВА во регистерот на општествените организации - здруженија на граѓани, општествената организација - здружение на граѓани Македонски комитет за големи електрични системи-СИГРЕ

под реден број 1692 од 25.11. 1994 година.

Седиштето на здружението ќе биде во Скопје на улица Даме Груев бр.14-а , а подрачјето на дејност во Македонија заради развивање на стручно-научни дејности - активности.

Со денот на запишувањето во регистерот здружението се стекнува со својство на правно лице.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 25.07. 1994 год. Македонски комитет за големи електрични системи-Сигре поднесе барање до МВР-УВР-Скопје-Сектор за управни работи за запишување на истото во регистерот на општествените организации и здруженија на граѓани.

Кон барањето таксирано со 55,00 ден.административни таксени марки ги поднесе следните списи во два примероци:

1. пријавник;
2. одлука;
3. записник;и
4. статут

Ценејќи ги наводите во барањето со приложените списи, МВР-РМ-УВР-Скопје, Сектор за управни работи утврди дека се исполнети условите за запишување во регистерот на општествените организации и здруженија на граѓани.

Поради горенаведеното се реши како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба преку Министерството за внатрешни работи на Република Македонија до Комисијата за решавање управни работи во втор степен од областа на Народна одбрана, Внатрешни работи, Правосудство и Управа при Владата на РМ во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 50,00 ден. административни таксени марки.

Н А Ч А Л Н И К
НА СЕКТОР ЗА УПРАВНИ РАБОТИ

Борче Бутнејски